ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

# е-ИНФО 05

## АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ВО ПЕРИОДОТ ОД ЈАНУАРИ ДО МАРТ 2013

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ
PRO EUROPE

АМАБАЛЖАТА
ШТО ИМА
МИНАТО,
**МОЖЕ ДА ИМА
И ИДНИНА!**

## АКТИВНОСТИ НА КОМПАНИЈАТА

ВО ПРВОТО ТРОМЕСЕЧЈЕ ОД ОВАА ГОДИНА, ПАКОМАК УСПЕШНО ЗАВРШИ ПОВЕЌЕ ПРОЕКТИ КОИ ГЛАВНО БЕА ФОКУСИРАНИ НА ЕДУКАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО, НО И НА КЛИЕНТИТЕ, ЗА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКЦИЈАТА И ПРЕРАБОТКАТА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД. ВО ПРОДОЛЖЕНИЕ, ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА КОМПАНИЈАТА ВО ПЕРИОДОТ ОД ЈАНУАРИ ДО МАРТ ОВАА ГОДИНА.

## НАСЕЛЕНИЕ

- Изложба на делата Trash for Art во Веро Центарот и во ТЦ Рамстор
- Поставување канти во Маврово
- Поддршка за издавање на еколошки речник
- ПАКОМАК со еко-акција во училиштата
- Поддршка на настанот Златна бубамара
- Пакомак во соработка со McDonalds
- Поддршка на Ботаничката градина во Скопје
- Еко-акција: Илјада бели рози во основните училишта и Зоолошката градина
- Еко-акција за време на World Water Day
- Поддршка на детската манифестација „Поточиња"
- Едукација на најмладите за хигиената
- Разговор со Ивце Пивце

## БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

- Програма за спречување и превенција на создавање на отпад од пакување
- Грин Дот – Заштитена марка на Пакомак што ја чува природата!
- Резултати на Пакомак за 2012 година
- Подземни контејнери во Скопје
- Разговор со компанијата Макпрогрес

# НАСЕЛЕНИЕ

## 1 ИЗЛОЖБА НА ДЕЛАТА TRASH FOR ART ВО ВЕРО ЦЕНТАРОТ И ВО ТЦ РАМСТОР

Под мотото “Фантазијата е бесконечна”, Пакомак го организираше наградниот конкурс Trash for Art 2012 за изработка на уметнички дела од амбалажен отпад.

Победничките дела од конкурсот беа изложени во Веро Центарот во текот на месец јануари, а подоцна изложбата беше преселена и во ТЦ Рамстор. Посетителите можеа да уживаат во креативните изработки и во исто време да видат како старото шише, хартија или лименка можат да станат уметничко дело, само со малку фантазија.

Изложени беа следните дела:

Категорија поединци

1 место – “Желка”, автор: Филип Новески
2 место – “Пудлица”, автор: Билјана Кироска
2 место – “Робот”, автор: Лео Кралевски
3 место – “Крокодил”, автор: Валентина Вучиниќ
3 место – “Маса и столчиња”, автор: Елена и Габриела Андонови



Категорија училишта

1 место – “Горила” и “Жирафа” - СУ “Никола Карев“- Скопје
2 место – “Змејко”– Градинка “Срничка” - Скопје
3 место – “Дедо Мраз”– ОУ “Ј.Х. Песталоци” - Скопје
3 место – “Елка”– ОУ “Ј.А. Коменски” - Скопје



Важноста од повторната употреба на отпадот, беше пораката која втора година по ред ја пренесе конкурсот Trash for Art 2012, во организација на Пакомак.

# 2 ПОСТАВУВАЊЕ КАНТИ ВО МАВРОВО

За да можат посетителите на скијачкиот центар „Заре Лазаревски“ селектирано да го фрлаат отпадот, Пакомак во месец јануари инвестираше во комуналната инфраструктура на Маврово, поставувајќи канти за селектирано отстранување на отпадот.

Пакомак ќе продолжи да ја шири комуналната инфраструктура во што повеќе региони во Р. Македонија со цел да ја развие еколошката свест на граѓаните, но и за да им го направи селектирањето и рециклирањето на отпадот што е можно подостапно.






# 3 ПОДДРШКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ РЕЧНИК

Пакомак го поддржа издавањето на илустрираниот еколошки речник на м-р Слаѓана Т. Стаменкова во кој се објаснуваат основните поими за екологијата и во кој се пренесуваат еко-пораки, еко-занимливости и највапжни еко-датуми.

Целта на овој еколошки речник е да ја подигне свеста за важноста на оваа тема и да помогне граѓаните ангажирано и одговорно да се однесуваат кон зачувување и унапредување на животната средина. Со него инвестираме во знаењето пред сè на децата, но и на сите останати поединци кои со стекнатото знаење ќе придонесат за менување на односот кон животната средина. Ние немаме резервна планета и зачувувањето на оваа е најважната лекција што сите, без исклучок, треба да ја научиме.



# 4 ПАКОМАК СО ЕКО-АКЦИЈА ВО УЧИЛИШТАТА

Во големата акција за чистење, која Пакомак ја спроведе во соработка со основните училишта во општините Карпош и Кисела Вода, беа собрани голем број на шишиња.
Само учениците од општината Карпош за неполни три месеци собраа повеќе од 200 илјади пластични шишиња за рециклирање, додека учениците од Кисела Вода за еден месец собраа околу 50 илјади.
Најновата општина која се приклучи кон оваа акција е Гази Баба во која има 11 основни училишта и две подрачни. Тие во кантите и контејнерите кои ги постави Пакомак, ќе може да собираат пластична амбалажа, а за возврат ќе добијат течен сапун и хигиенски средства.Пакомак им додели на сите основни училишта вклучени во проектот, спортски реквизити - топки за кошарка и одбојка. Покрај ова, проектот има и натпреварувачко – мотивирачки ефект, бидејќи она училиште кое ќе собере најмногу пластична амбалажа во определен временски период, на крајот на годината ќе биде наградено со еднодневна екскурзија од „Пакомак“.
Целта на овој проект е да создаде здрави еколошки навики и досега одлично е прифатен од наставниците, децата и родителите од сите училишта. Според заинтересираноста и  досегашните ефекти, на добар пат сме проектот да стане одржлив сам по себе.







# 5 ПОДДРШКА НА НАСТАНОТ ЗЛАТНА БУБАМАРА

Пакомак го поддржа настанот Златна бубамара на популарноста и на присутните гости во Универзална сала им подели пластични светлечки флуросцентни стапчиња кои ја разубавеа атмосферата на настанот.

Заедно со кантите за селектиран отпад кои се поставени во Универзална сала, Пакомак ги потсети посетителите за важноста од селектирањето и рециклирањето на отпадот и ги замоли посетителите да ги фрлат стапчињата во кантите за пластичен отпад.





# 6 ПАКОМАК ВО СОРАБОТКА СО MCDONALDS

Ресторaните McDonalds го поддржаа проектот на Пакомак за донирање на течен сапун во училиштата во замена за количината на собран пластичен отпад.

McDonalds, како една од водечките општествено-одговорни компании во Македонија, во соработка со Пакомак донираше течен сапун во три основни училишта во Скопје - „Владо Тасевски", „Војдан Чернодрински" и „Јохан Хајнрих Песталоци". Исто така, беа поставени околу 180 диспензери за течен сапун и лепенки за правилно миење на рацете во училиштата. Едукативните лепенки, диспензерите, како и донираниот течен сапун од страна на McDonald's се поставени со цел децата да се едуцираат и да се придржуваат до правилното миење на рацете.

Ова не е прва соработка помеѓу двете компании. McDonalds ја поддржа и еко-игротеката на Пакомак, поставена во Веро центарот и на децата кои ја играа играта Грин Тим им подели ваучери за оброк во нивните ресторани.

Со најновата соработка, Пакомак и McDonald's покажаа дека грижата за здравјето и хигиената на децата им е примарна. McDonald's и во иднина ќе продолжи со оваа еко-акција во трите училишта, помагајќи ја трајно оваа акција.



# 7 ПОДДРШКА НА БОТАНИЧКАТА ГРАДИНА ВО СКОПЈЕ

Минатата година Пакомак доби парична награда од градот Скопје за најголем придонес во областа на животната средина, таа награда ја удвои и ја донираше за ботаничката градина во Скопје. Со тие средства беа поставени чешми и канти за селектирано собирање на отпад, а беа направени и табли со опис на изложените растенија.

Оваа година Пакомак повторно и даде поддршка на Ботаничката градина и се вклучи во проектот на садење на дрвја во градината.

Како општествено-одговорна компанија, Пакомак и понатаму ќе продолжи со акции и донации на средства со кои ќе придонесе за зачувувањето на природата.





# 8 ЕКО-АКЦИЈА ЗА ВРЕМЕ НА WORLD WATER DAY

На 22 март, светскиот ден на водата, American college  во соработка со Пакомак организираше еко-акција за студентите под мотото „Зачувај и рециклирај вода“.
Кон проектот се приклучија и учениците од основните училишта Песталоци, Јан Амос Коменски и Јахја Кемал од Скопје.

Студентите и учениците имаа за задача да собираат веќе употребена вода (кога мијат заби, раце, лице, кога се туршираат итн.) во пластични шишиња и да ја донесат на настанот за да може да се пренамени за наводнување на зелени површини. По залевањето на зелените површини, учениците пластичните шишиња ги фрлија во контејнерите за селектирано собирање на пластика поставени од Пакомак.

Целта на акцијата беше да се подигне свесноста за рационално конзумирање на вода помеѓу младите, па Пакомак се надева дека оваа акција ќе прерасне во традиција затоа што водата е важен ресурс, но ограничен во исто време.





# 9 ЕКО-АКЦИЈА: ИЛЈАДА БЕЛИ РОЗИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА

Во рамки на акцијата „Скопје-градот на цвеќето, Скопје-градот на розата” во повеќе од 33 основни училишта во кои што се реализира проектот со донација за течен сапун, како и во Зоолошката градина во Скопје, беа засадени над 1000 бели рози, донација на Пакомак. За успешна и подолготрајна еко-акција, учениците заедно со наставниците се грижат да не се исушат белите рози.

Оваа акција беше поттикната затоа што истражувањата покажаа дека розите се добри извлекувачи на тешки метали од почвата и големи прочистувачи на амбиентниот воздух.

Пакомак со акцијата за садење на бели рози ги продолжи своите активности помеѓу најмладите за развивање на нивната еколошка свест и развивање на грижата кон животната средина.



# 10 ПОДДРШКА НА ДЕТСКАТА МАНИФЕСТАЦИЈА „ПОТОЧИЊА”

Пакомак ја поддржа и детската музичка манифестација „Поточиња” која е концепирана во насока на подигнување на еколошките навики кај најмладите. Најголем дел од песните на фестивалот имаа еколошки пораки, па Пакомак помогна да се издаде музичко CD со „најзелените” детски хитови.

За време на концертот, Пакомак на децата во Универзална сала им подели водички, а празните шишиња од истите децата ги фрлаа во соодветните канти за пластика.

Едукацијата на најмладите за важноста од селектирање и рециклирање на отпадот ќе биде приоритет на Пакомак и во оваа година, исто како и во минатата.






# 11 ЕДУКАЦИЈА НА НАЈМЛАДИТЕ ЗА ХИГИЕНАТА

Во основните училишта низ општините Карпош, Кисела Вода и Гази Баба во Скопје, Пакомак до апаратите за течен сапун кои ги постави на почетокот од соработката, постави едукативни постери во кои визуелно им ја прикажа на децата правилната процедура за миење на рацете.

Поставени во училиштните тоалети, постерите им помагаат на децата правилно да ја одржуваат својата лична хигиена, но во исто време ги едуцираат и за важноста да се штеди водата, како ограничен ресурс во природата.



# 12 РАЗГОВОР СО ИВЦЕ ПИВЦЕ

Целта на Пакомак да ги едуцира најмладите за екологијата доби нова димензија преку емисијата „Ај ти замижи", чиј водител е омилениот детски лик – Ивце Пивце. Прочитајте го разговорот што го направивме со него.

**1.Емисијата Ај ти замижи започнува соработка со Пакомак. Какви се планираните активности поврзани со оваа соработка ?**

- Идеи има многу. Треба да се најде формата преку која ќе се допре до најмладите. Во подготовки сме за нешто оригинално и необично. Подготвуваме изненадување тука во Скопје.
Ќе ви откријам и дека стручните лица од Пакомак ќе нè посетат на нашиот Летен Еко Камп КОТИЛЕДОНИЈА 2013 кој по шести пат ќе се одржи во Националниот парк Пелистер, хотел Молика од 3-9. Јули 2013 година.

**2. Кои се вашите очекувања, ќе успее ли Ивце Пивце како омилен и популарен ТВ лик кај дечињата, да иницира создавање на здрави еколошки навики од најмали нозе?**

- За среќа, децата се веќе многу запознаени со целата приказна околу екологијата. Големо браво за нивните учителки и сите одговорни за воспитувањето.
Ивце Пивце, како лик, е тука за да ги потсети или на свој начин „разработи" некоја тема од екологијата. Пакомак пак, преку своите оригинални, интересни и едукативни материјали и настани, само ја олеснува работата на сите нас кои сме во директен контакт со децата.

**3. Преку Ај ти замижи дечињата на интересен и начин се едуцираат за многу нешта. Сметате ли дека ова ќе биде добра можност за еколошка едукација и на намладите, но и на повозрасните кои ја следат емисијата заедно со своите малечки?**

- Нашата емисија уште од самиот почеток (2007 година) ги едуцира или поточно кажано разговара за екологијата на свој специфичен и непосреден начин. На ова се надоврза и Еко Кампот Котиледонија кој оваа година ќе се одржи по 6. пат.
Соработката со Пакомак дојде како потврда на нашата посветеност за спроведување здрави еко навики. Преку Пакомак ние добивме голем партнер и поддржувач во нашата секојдневна и долгогодишна работа. Им благодарам.

**4. Колку родителите влијаат на однесувањето на децата, а колку самите деца со стекнување на одредени навики, на пример за селектирање и рециклирање на отпадот, можат да го променат однесувањето на возрасните?**

- Одговорно тврдам дека децата се позапознаени за еко приказната отколку нивните родители. Мислам дека образованието е во насока од децата кон родителите. Не дека родителите не знаат, туку повеќе како „штрекнување“, освестување, за состојбите во кои се наоѓаме. Дека ние возрасните од „терање големи бизниси“ со години нешто грешиме, или поточно ѝ грешиме на природата. Токму затоа е добро што се појави Пакомак со своите едукативни содржини и настани сите да нè држи на „штрек“. Браво за идејата, пристапот и енергијата.



# БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

## 1 ПРОГРАМА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ПРЕВЕНЦИЈА НА СОЗДАВАЊЕ НА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Како што клиентите на ПАКОМАК веќе беа информирани, согласно член 7 став 2 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување, секој правен субјект кој што кумулативно на годишно ниво има пакување и отпад од пакување поголемо од 30 тони, има законска обврска да изготви програма за спречување и превенција на создавање на отпад од пакување. Оваа програма Пакомак ја изработи бесплатно за оние клиенти кои што се пријавија и во текот на февруари и март им ја достави. Со неа детално беа објаснети обврските кои компаниите ги имаат согласно Законот за управување со отпад од пакување и начините за негово почитување.

# 2 ГРИН ДОТ – ЗАШТИТЕНА МАРКА НА ПАКОМАК ШТО ЈА ЧУВА ПРИРОДАТА!

Грин Дот е лиценцирана ознака на интернационалната компанија PRO-Europe, која на потрошувачот му дава до знаење дека амбалажата на производот ќе биде рециклирана. Во светот постојат 130.000 компании кои се приклучени кон оваа програма, а во Македонија Пакомак е ексклузивен носител на правата на Грин Дот.

Сите наши клиенти бесплатно го добиваат знакот Грин Дот со што се категоризираат како општествено-одговорни компании кои се грижат за животната средина. Со Грин Дот програмата на светско ниво беа рециклирани 14,7 милиони тони, од кои ние и нашите 570 компании-членки придонесовме со над 7.300 тони рециклиран отпад.

Компаниите кои не се дел од системот на Пакомак, а сакаат да го користат овој знак, ќе мора да платат одреден надоместок за истиот или, пак, ќе треба да станат членки на системот на Пакомак и да продолжат да го користат бесплатно овој знак.

Пакомак во периодот што следи, преку друштвото за интелектуална сопственост БЕРИН, ќе ги информира сите компании кои што неовластено го користат знакот за нивните законски обврски.

# 3 РЕЗУЛТАТИ НА ПАКОМАК ЗА 2012 ГОДИНА

Како лидер во управувањето на отпадот од пакување во Република Македонија, во системот на Пакомак членуваат над 570 клиенти, меѓу кои се вбројуваат и најголемите домашни и интернационални компании. Повеќе од 170 компании од нив се нови членки во системот.

До ноември 2012 беа собрани над 40.000 тони отпад во системот на Пакомак, од кои 7.352 тони отпад беа рециклирани. Со ова беа надминати законските национални цели и компанијата на рециклирање однесе за 22% повеќе амбалажен отпад од законските побарувања.

Компаниите и во иднина може да бидат сигурни дека ќе бидат усогласени со Законот за управување со пакување и отпад од пакување затоа што зелената мисија на Пакомак продолжува...

# 4 ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ВО СКОПЈЕ

Пакомак им донираше подземни контејнери за селективно фрлање на отпадот од пакување на градот Скопје и на Комунална хигиена.

Со пуштањето во функција на овие контејнери, значително се подобри комуналната инфраструктура во главниот град. Истовремено, со контејнерите се зголеми количината на собраниот и рециклиран амбалажен отпад.



# 5 РАЗГОВОР СО КОМПАНИЈАТА МАКПРОГРЕС

Секоја компанија на свој начин се справува со отпадот создаден во текот на работењето. Веруваме дека преку туѓите решенија сите може да учиме и да се подобруваме, затоа прочитајте повеќе за нашата соработка со компанијата Макпрогрес и нејзиното искуство во секојдневното работење со нас.

**1. Од кога Макпрогрес е членка на системот на Пакомак и на кој начин се справувате со отпадот создаден во текот на работењето?**

Макпрогрес е членка на Пакомак од 14.06.2011 год. Целокупниот отпад кој Макпрогрес го создава во текот на своето работење, посебно се селектира според видот на отпадот и потоа нашиот локален партнер се грижи целиот отпад од кругот на фабриката да биде однесен на рециклирање. На тој начин се редуцира количината на отпадот со кој треба да се справиме и се грижиме тој да се рециклира и да се реупотреби. Задоволни сме од досегашната соработка со Пакомак и се надеваме дека ќе продолжи.

**2. Макпрогрес неодамна назначи лице одговорно за управување со отпад во компанијата, кое секојдневно соработува со системот на Пакомак. На што се должеше тоа и како тече досегашната соработка?**

Согласно со Законот за управување со отпад, Макпрогрес Доо како компанија што во делот на своето работење кумулативно генерира повеќе од 1500 тони неопасен отпад назначи лице одговорно за управување со отпад.
Задача на управителот со отпад се секојдневно следење на тековната состојба во управување со отпад, водење евиденција, изготвување на извештаи, спроведување на годишна програма во компанијата, вршење на контрола на видот и количината на отпадот кој се создава и информирање

на раководните лица за можните загрозувања на животната средина. Во делот на неговата работа, секако, спаѓа и секојдневно комуницирање со надлежните лица од Пакомак и нивно информирање за актуелната состојба, видот и количината на создадениот отпад и напредокот во селекцијата и одведувањето на рециклажа на отпадот.

Со овие активности Макпрогрес како општествено одговорна компанија јасно ја искажува својата заложба за зачувување на животната средина.

**Сметате ли дека вашите еколошки активности вродија со плод и влијаеа кон зацврстување на имиџот на Макпрогрес како општествено-одговорна компанија?**

Се разбира. Макпрогрес е компанија која го изгради и го унапредува својот имиџ на општествено одговорна компанија преку своите активности кои придонесуваат за зачувувањето на животната средина. Со зачленувањето во системот на Пакомак, компанијата потврдува дека активно се грижи за локалната заедница во која дејствува и се грижи отпадот да биде соодветно селектиран и одведен на рециклирање. Компанијата има усвоено и повеќе други стратегии за унапредување на животната средина, а се закити и со прва награда за проектот РРР Редуцирај-Рециклирај-Реупотреби-Стратегија за одржлив развој. Наградите и признанијата се своевидна верификација за нашите еколошки напори, а сите овие активности ќе останат реална практика во целокупното работење на компанијата.



ЈАНУАРИ-МАРТ 2013

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

PRO EUROPE